**Drugi svetski rat — III (Vojnoistoriski institut, Beograd — 1964)**

Група автори на Воеисторискиот институт во Белград ја обработи III книга од серијата на пет предвидени книги за Втората светска војна. Третата книга дава книга на операциите на сите фронтови од ноември 1942 до декември 1943 година. Во неа се опишани настаните од решавачкиот период на II Светска војна, кога оружените сили на антифашистичката коалиција, нанесувајќи им на силите на Тројниот пакт големи политички порази, дефинитивно ја презедоа иницијативата на сите фронтови.

Книгата има 650 страници, 43 скици, технички убаво и прегледно уредени, за поедини операции, битки и борби, библиографија и регистер.

Принципот на хронолошкото изнесување на настаните не е стриктно спроведен, бидејќи авторите се стремеле на читателите да им пружат заокруглена слика на збиднувањата на секој фронт одделно, без оглед на применетата периодика.

Во оваа книга движењата на отпорот, и покрај значењето што го имаа, се обработени напоредно со прикажувањето на операциите на поодделни фронтови, поради недостигот на извори (документациони и библиографски).

Операциите на НОВЈ, кои се одиграа во овој период- се обработени во потребниот обем, за јавноста, а особено странската, да се запознае што подобро со настаните во Југославија и порељефно да го согледа нашиот придонес во рамките на антифашистичката коалиција.

Во недостигот од архивски материјали за странските армии, авторите се служеле со расположивиот библиографски фонд за II Светска војна, кој опфаќа официјални публикации и мемоарска граѓа. Според авторите, во II половина на 1942 година оружените сили на државите на тројниот пакт за своите офанзивни дејствија успеале да го освојат значајниот простор, особено на јужниот дел на советско-германскиот фронт, во Северна Африка, долж брегот на Средоземното Море, на Далечниот Исток (во Бурма и Кина) и на Пацификот. Основната германска концепција на натамошното водење на Војната, главно, беше одбраната во текот на зимата на 1942/43 год., по секоја цена да ја сочуваат освоената територија, за во текот на летото 1943 година да може — по нови подготовки — да се премине во офанзива. Основната концепција на јапонската политика и стратегија беше да се сочува освоениот простор и, искористувајќи го неговото богатство, да се зајакнат сопствените воени потенцијали за успешно продолжување на Војната.

Авторите констатираа дека нараснувањето на оружените снаги на антифашистичката коалиција, и нивното поголемо ангажирање кон крајот на 1942 и во текот на 1943 година на фронтовите, биле пресудни за натамошното водење на Војната. До тоа дошло благодарејќи на огромниот воен потенцијал на таа коалиција, а особено на силната продукција на современо наоружување, како и поради мобилизацијата на живата сила. Големите сили на антифашистичката коалиција (СССР, САД, Велика Британија) веќе беа ја добиле битката за производство. Во овој период тие организирале, обучиле, формирале и на разни фронтови испратиле голем број единици, потребни за преземањето на иницијативата од противникот, за премин во офанзива на скоро сите фронтови.

Во овој период СССР успешно го преориентира стопанството на воена линија и знатно го зголеми производството, ја снабди Црвената армија со многу оружје и опрема. Советското воено раководство постигна голем успех во формирањето, обуката и опремата на многу крупни единици. Тоа во најголема тајност изврши потребни подготовки за противофанзива на крајот од 1942 година, која во почетокот на 1943 година прерасна во голема офанзива. Најблескавата победа таа ја постигна во битката на Волга (позната како Сталинградска битка), која го означи почетокот на пресвртницата во големата татковинска војна на советските народи и Втората светска војна воопшто. Тој пресврт е завршен во битката кај Курск, со што се создадени неопходни услови за натамошни непрекинати и успешни офанзивни операции на сите делови на советско-германскиот фронт, што беше од решавачко влијание за крајниот исход на Војната. Црвената армија во тоа време врзуваше за себе 65—70% од

германската оружена сила, целокупната сила на Финска, Унгарија и една италијанска армија.

Остварувајќи ја превласта на морето и во воздухот засилени и современо опремени, оружените сили на САД и Велика Британија, според усвоената перифериска стратегија, ги презедоа офанзивните операции во Северна Африка и Италија. Британците беа приврзаници на оваа стратегија, бидејќи сакаа во базенот на Средоземното Море да ја одржат и прошират својата политика и економска доминација и така да го оневозможат влијанието на СССР во крајбрежните држави на Средоземно Море. Сојузниците ја ослободија Северна Африка и си обезбедија пловен пат низ Средоземното Море и со искрчување во Сицилија, иако тоа не го искористија за брз продор преку Апенинскиот Полуостров за Северна Италија, го принудија остатокот на италијанските оружени сили на капитулација, а во Јужна Италија добија погодни воздухопловни бази за успешен напад на целите во Јужна и Централна Европа.

Авторите особено се задржуваат на Југославија. Според нив, на тлото на Југославија во овој период се одиграле како што е познато, крупни воено-политички настани, кои имаа влијание не само за натамошниот развој на НО војна и Револуцијата на југословенските народи, туку и на меѓународната афирмација на Југославија.

Кон средината на 1943 година Англо-американците успеаја на Атлантскиот Океан да ја сузбијат опасноста од германските подморници и на крајот од таа година да постигнат решавачка победа и на тој фронт. Дури по овие успеси, Американците забрзано испраќаа снаги и средства во Англија, која беше најпогодна појдовна база за отворање на толку долго најавуваниот втор фронт во Западна Европа.

Политичкиот фронт имаше свои специфичности поради огромните фронтови, со мориња одвоени, и заради мошне долгите и осетливи поморски комуникации. Откако, по победите во битките кај Коралното Море и кај Мидвиј обезбедија превласт на морето и во воздухот, Англо-Американците — веќе во август 1942 година — ги почнаа првите офанзивни операции на Гвадалканал, а потоа, 1943 година, и на останатите Соломонски Острови, на Нова Гвинеја, на Гилбертовите и другите острови. Иако на јапонските сили не им нанесоа порази кои би биле решавачки за конечниот исход на Војната, сепак сојузниците, со преземањето на иницијативата, го изборија пресвртот и на Пацификот. Добивајќи погодни бази, тие на тоа боиште создадоа услови за размав и проширување на офанзивните операции во 1944 година. Меѓутоа, во Бурма и Кина тие не можеа да ја преземат иницијативата, поради слабоста на британските сили и поради неправилната политика и стратегија на Чанг Кај Шек и неговите политички помошници и воени команданти.

Успесите на сојузничките сили на сите фронтови, а особено победите на Црвената армија на Волга, кај Курск, на Днепар и во другите битки, влијаеја на порастот и ширењето на движењето на отпорот во окупираните земји на Европа и Азија. Според тоа, во овој период настана пресврт и во јакнењето на силите на движењето на отпорот.

Од изнесеното се гледа дека периодот од ноември 1942 до крајот на декември 1943 година претставува решавачки пресврт на Втората светска војна, бидејќи силите на антифашистичката коалиција дефинитивно го сопреа напредувањето на армиите на Тројниот пакт и ја презедоа стратегиската иницијатива, која не ја испуштаа, освен со мали прекини, сѐ до конечното уништување на фашистичките сили. Најголемите успеси, без сомневање, ги постигна Црвената армија, бидејќи таа ги гонеше главните германски и другите фашистички сили и им нанесе огромни загуби.

Книгата е поделена на 15 глави во кои авторите мошне пластично, прегледно и со доста податоци ги обработуваат настаните од 19 ноември до 31 декември 1943 година на советско-германскиот фронт, во Југославија, Африка, на Атлантикот, Пацификот и Далечниот Исток и самостојните воздухопловни операции над Европа. Покрај тоа, операциите се проткаени со движењето на отпорот, кое е обработено во онаа мерка за која на авторите им стоела на располагање соодветна граѓа.

Низ оваа книга читателот стекнува целосна и јасна претстава за развојот

на настаните во светот и за операциите на сите фронтови во периодот што се обработува. Од обработката на настаните рељефно се рефлектираат напорите кои силите на антифашистичката коалиција ги вложуваа за преземање на иницијативата од темните сили на Тројниот пакт, кои дотогаш беа постигнале видни успеси, заради постигање на крајната цел — уништување на фашистичките сили и извојување на слобода за сите народи во светот.

Книгата може многу корисно да им послужи не само на воените школи и на воениот старешински кадар за извлекување тактички, оперативни и стратегиски искуства, туку и за факултетите, другите школи и поединци, бидејќи во неа може да се најде концентриран материјал за сите настани кои се одиграа во воената 1943 година.

**Б. М.**

**„Hronologija oslobodilačke borbe naroda Jugoslavije 1941 — 1945.“** (Vojnoistoriski institut, Beograd, 1964, str. 1265)

Во последно време се почесто се појавуваат трудови кои третираат одделни проблеми од историјата на Народноослободителната борба на југословенските народи. Меѓутоа, „Хронологијата на ослободителната борба на народите на Југославија“ има посебен карактер и значење од повеќе причини.

Во трудот е опфатен поридот на Народноослободителната борба 1941 до 15 мај 1945 год. Меѓутоа, колективот автори при Војно-историскиот институт ги регистрирале и оние позначајни настани од историјата на нашите народи и меѓународните односи од 1917 до 1940 год. Овој дел, всушност, го претставува уводот на трудот.

Материјата авторите ја подредиле строго хронолошки, водејќи сметка настаните од еден месец да претставуваат засебна целина, а таа од сите месеци ја чини целината на материјата од соодветната година. Значаен потфат претставува успешното решавање на проблемот за групирање на настаните од националните територии-покраини, а притоа да не се наруши принципот на хронолошкото презентирање на настаните. Имајќи ја на ум потребата и практичноста Редакцијата ги групирала хронолошките единици така што за секој месец најпрвин се дадени настаните од општ карактер, а потоа настаните според национално-територијален принцип спрема денешните социјалистички републики по азбучен ред: Босна и Херцеговина, потоа Црна Гора, Хрватска, Македонија, Словенија и Србија.

Решавајќи го проблемот на овој начин, Редакцијата нашла сосема адекватно решение за овој така сложен методолошки проблем.

Хронологијата претставува обемен труд во кој на 1265 страници текст авторите поместиле 18.322 хронолошки единици. Освен тоа, трудот е богато илустриран со автентични фотографии од животот и борбата на воените единици, политичките организации и др. органи и тела.

Од интерес е секако содржината на толку големиот број хронолошки единици. Во поднасловот „Настани од општ карактер“ за секој месец поместени се хронолошки единици со материја од ЦК на КПЈ, Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ, АВНОЈ, и други настани што имаат општо југословенско значење. Освен тоа, во овој поднаслов дадени се хронолошки единици од оние настани од другите народи кои влијаеле на општиот тек на II Светска војна — односите меѓу големите сојузнички сили — СССР, Велика Британија и САД — склучени договори од воен, стопански и политички карактер, заемните односи на Сојузниците и југословенската и останатите емигрантски влади и др. Потем сите позначајни воени судири на Сојузниците против силите на Оската со одбележување на воениот ефект — загуби во жива сила и техника и др.

Хронолошките единици по групи односно по републики главно регистрираат се што се однесува на периодот на ослободителната борба и ја чини содржината на антифашистичката Војна и Социјалистичката револуција.

Во хронолошки единици регистрирано е настанувањето, растежот, воените судири и политичката дејност на сите партизански и воени единици. Низ хронолошки единици се третира активноста на организациите на КПЈ — формирање на месни и други комитети, нивната содржина на работа — формирање партизански одреди, органи на народноослободителната